ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

ТОП ВЕСТИ:

- Разловци ја добива својата прва градинка
- Започна санацијата на кровната конструкција на Спомен-домот „Разловечко востание“
- Совет на Општина Делчево: Угостителите ослободени од плаќање комунална такса за користење јавен простор пред објектот за 2021
- Швајцарската фирма „FELA Planungs AG“ ќе ја гради пречистителната станица за вода за пиење кај с. Трaботивиште

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 15 МАЈ 2021

# Разловци ја добива својата прва градинка



## Започна санацијата на кровната конструкција на Спомен-домот „Разловечко востание“



## Совет на Општина Делчево: Угостителите ослободени од плаќање комунална такса за користење јавен простор пред објектот за 2021

## Швајцарската фирма „FELA Planungs AG“ ќе ја гради пречистителната станица за вода за пиење кај с. Трaботивиште



Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

## Совет на Општина Делчево: Угостителите ослободени од плаќање комунална такса за користење јавен простор пред објектот за 2021



На предлог на градоначалникот Трајковски, советниците на Општина Делчево донесоа Одлука за ослободување од плаќање комунална такса за користење јавен простор пред угостителски објекти (кафеани, кафулиња, гостилници и слично) и нивните истурени деловни места (бавчи и тераси). Комуналната такса за користење простор пред деловен простор во Општина Делчево е во износ од 7,00 денари. Ослободувањето од плаќање на оваа такса се однесува за 2021 година, а е со цел да им се помогне на фирмите од областа на угостителството кои се едни од најпогодените од пандемијата.

На 53 Седница, се донесе и Одлука за одобрување приоритетен проект во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП за доискористување на преостанати средства по пат на задолжување и кофинансирање што се однесува на проектот „Изградба на дел од улица 3 во централното градско подрачје во Делчево“. За реализација како приоритет преку средствата кои се преостанати за доискористување од долгорочното домашно задолжување на Општина Делчево согласно Договорот за под-заем склучен со Министерството за финансии во вредност од 32.252.287 денари со ДДВ. Од овој Договор досега се искористени 26.985.539 денари со ДДВ, а преостанатите средства во износ од 5.266.748 денари со ДДВ се планирани да бидат искористени за реализација на погоре наведениот проект. Согласно утврдената проектантска предмер-пресметка за реализација на овој проект се потребни финансиски средства во износ од 7.963.841,59 денари со ДДВ. Финансиските средства кои се јавуваат како разлика од вкупната вредност за реализација на проектот и сумата која останува од Договорот за под-заем во износ од 2.697.093,59 денари со ДДВ, ќе бидат обезбедени со кофинансирање од страна на Општина Делчево.

Советниците донесоа Одлука за доделување парична награда на најдобрите 10 матуранти во СОУ „М.М.Брицо“. Паричната награда изнесува 20.000 денари за секој ученик. Исто така, се донесе и Одлука за доделување стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта за учебната 2020/2021 г. Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 месеци во текот на учебната 2021-2022 во нето-износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Совет на Општина Делчево

## Совет на Општина Делчево: Угостителите ослободени од плаќање комунална такса за користење јавен простор пред објектот за 2021

На седницата,  се донесе Одлука со која се даде согласност за формирање групи со поголем број деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево. Согласно со Измената на здравствените протоколи, зголемувањето ќе биде по 5 деца во група.

Советниците донесоа и Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево кое се основа заради следење на состојбите, подигнување иницијативи за нивно подобрување и развивање програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци. Општинскиот совет за превенција на детско престапништво брои 9 членови со мандат од 5 години, а негови членови се:

1. **Марија Зенулов** – претставник од Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи Делчево;
2. **Марија Симова** – претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
3. **Гордана Петровска**- претставник од Совет на родители на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево;
4. **Соња Арсовска** - претставник од Совет на родители на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево;
5. **Ванчо Стојмирски**-претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево
6. **Анастасија Симовска**- претставник од унијата на средношколци;
7. **Бети Толевска**- претставник од здруженија и фондации;
8. **Николчо Атанасовски**-адвокат, претставник од Адвокатската комора и
9. **Бранко Тричковски**-јавен обвинител од Основното јавно обвинителство

На Седница, советниците ги донесоа и: Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на подрачјето на Општина Делчево за 2021 година; Одлуката за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Делчево; Одлука за изменување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација на Општина Делчево, Заклучокот за усвојување на Извештај од спроведена функционална анализа на Општина Делчево.

Совет на Општина Делчево

# Потпишан Договорот за изградба на пречистителната станица

Актуелности



Швајцарската фирма „FELA Planungs AG“ ќе ја гради пречистителната станица за вода за пиење кај с. Тработивиште со што започнува реализацијата на инфраструктурниот дел од проектот „Водоснабдување на Делчево“. Договорот го потпишаа директорот на швајцарската фирма, Ханс Улман и директорот на ЈКП „Брегалница“, Стојче Стојковски. И двајцата изразија задоволство од идната заедничка соработка во корист на граѓаните на Делчево и обезбедување чиста вода за пиење за Делчево. Вкупната вредност на Договорот е околу 4 милиони швајцарски франци, а работите на терен ќе започнат наскоро.

Градоначалникот Трајковски истакна дека по 3,5 години максимално посветена работа, се потпишува Договорот за отпочнување на градежните работи на најголемиот финансиски и суштествен проект за граѓаните и најголем проект во историјата на Делчево.

– Нема поубав момент за еден градоначалник да се почне со реализација еден ваков огромен проект со кој се обезбедува чиста вода за пиење за генерации и генерации наши сограѓани. Изразувам огромна благодарност до Швајцарската конфедерација за нивната донација. Огромна благодарност до претставниците на швајцарската амбасада во нашата земја, за нивната вклученост и придонес во овој проект, огромна благодарност до Владата предводена од Зоран Заев за учството за инвестицијата од 1,3 милиони швајцарски франци во овој проект и бенефитот кој ќе го имаат и сегашните, но и идните генерации граѓани на Делчево, рече Трајковски.

На работниот состанок беа презентирани и планираните активности кои ќе се спроведуваат на терен, а се согласно со потпишаниот Договор кој ја содржи техничката компонента за изградба на нова филтер-станица во рамките на кој влегуваат и изградбата на фотоволтаична централа и оперативна зграда со лабораторија на локација на денешната прочистителна станица. Станицата ќе биде со две линии и капацитет од 60 л. во секунда, додека фотоволтаичната централа ќе биде со номинален капацитет од 250 kw пик со кој се предвидува делумно покривање на потребите за електрична енергија за бунарите и станицата. Исто така, се предвидува рехабилитација на главната доводна цевка од браната Лошана до станицата во с. Тработивиште, рехабилитација на главната водоводна цевка од с. Тработивиште до Делчево и рехабилитација на бунарите во Делчево и с. Тработивиште, како и рехабилитација на резервоарот за вода во близина на с. Ѕвегор.

Во рамките на големиот проект „Водоснабдување на Делчево, следува и распишување на тендерот за изградба и поврзување на дистрибутивната водоводна мрежа на селата Габрово и Ѕвегор.

Инаку, проектот „Водоснабдување на Делчево“ се реализира со донација од Швајцарската Конфедерација во висина од 6 милиони швајцарски франци, приближно 1,3 милиони швајцарски франци се домашна контрибуција на Владата преку Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Делчево.

Актуелности

# Проект за поврзување локални патишта. Механизам за жалби и поплаки



Во рамките на **Проектот за поврзување локални патишта** кој се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска банка, Општина Делчево има аплицирано со подпроекти за реконструкција на делница од локален пат Л-1 Делчево – Тработивиште со должина од 5,300м, реконструкција на улица „Орце Николов“ и ул.„Скопска“со должина од 750,0м, реконструкција на дел од улица „Острец“со должина од 74,0м, кои се дел од Тендер 2 и за кој во најскоро време ќе започнат работите на терен.

Единицата за имплементација на проектот (ЕИП) во рамките на Министерството за транспорт и врски согласно политиките и барањата во делот на животна средина и социјални аспекти на Светска Банка, односно Рамката за животна средина и социјални аспекти – Стандард за животна средина и социјални аспекти 10, воведе Механизам за жалби и поплаки со кој ќе се обезбеди одговор на сите жалби и поплаки, особено на засегнатите и заинтересирани страни и заедницата севкупно.

Како дел од спроведувањето на проектот, Општина Делчево пред започнување на градежните работи е обврзана да ја информира јавноста, локалното население и останатите засегнати страни дека можат да земат активно учество преку **Механизмо**т **за жалби и поплаки**, а со тоа и самите да се вклучат во реализацијата на проектот. Граѓаните тоа ќе можат да го направат преку два документи: **Механизам за жалби и поплаки** преку примање жалби и поплаки и нивно процесирање и решавање и **Образец за поплаки за целото спроведување на проектот** во делот на неговата реализација при изведувањето на градежните работи на терен.

Двата документи се објавени на веб– страница на Општина Делчево.

Актуелности

# Шахпаска: Разловци ја добива својата прва градинка



Министерката за труд и социјална политика, Јагода Шахпаска заедно со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, направија увид пред отворање на новата детска градинка во село Разловци, Општина Делчево.
„Согласно направениот увид на новиот објект, градежните работи се завршени, градинката е опремена и наскоро ќе започне со прием на деца. За реконструкција, адаптација и опремување на новиот објект, Министерството од својот буџет издвои средства во висина од 4 милиони денари. Градинката има капацитет да згрижи 20 деца на возраст од 2-6 години,“ информираше министерката.
Таа посочи дека иако капацитетот на новиот објект не е голем, значајна е пораката која се испраќа, грижата за секое дете, без разлика дали се наоѓа во градска или рурална средина.
„Како Влада и Министерство за социјална политика сериозно работиме на зголемување на опфатот на деца во процесот на предучилишно воспитание и образование. За неполни 9 месеци, со градинката во село Разловци отворивме 12 градинки со вкупен капацитет од 700 деца, а до крајот на годината планирани се уште 13 објекти со капацитет од 1400 деца во нив“, рече министерката.
Градоначалникот на Општина Делчево, Трајковски посочи дека иако селото Разловци е најоддалеченото село во Општината, тоа е и село со најголем број жители, каде опстојува и фабрика и каде гравитираат жители и од соседните општини.
„Затоа сметаме дека отворањето на градинката, освен за децата кои ќе бидат згрижени и ќе се подготвуваат за училишните клупи, ќе значи многу повеќе за родителите кои ќе знаат дека додека тие се на работа, нивните деца се згрижени и со нив посветено ќе се работи по програми наменети за соодветната возраст на дечињата.
Тој изрази благодарност до Министерството за труд и социјална политика и министерката Шахпаска, за слухот и брзиот одговор на потребите на жителите на село Разловци. Исто така тој упати благодарност и до одговорните лица во ООУ „Св.Климент Охридски“ кои излегоа во пресрет и ја препознаа потребата и значењето на инвестиците во раниот детски развој и овозможија детската градинка во Разловци да се отвори во училишната зграда за што се ослободија две училници.

# Започна санацијата на кровната конструкција на Спомен-домот „Разловечко востание“

Актуелности



Започнаа градежните работи за санација на кровната конструкција на спомен-домот „Разловечко востание“. Работите ги изведува фирмата СТИЛ КОНСТРАКШАН од Прилеп, а треба да завршат за 30 дена.

По тој повод и во чест на 145 години од Разловечкото востание, во посета на Разловци и на увид на стартот на работите беше и националниот координатор за интеркултуризам едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка при Владата на РСМ, Роберт Алаѓозовски кој изрази задоволство што започнува санација на кровот на објектот кој е легендарен колку што е легендарно и самото село Разловци.

– Не постои поголема радост, на годишнината од Разловечкото востание, да го имаме стартот на работите за реконструкција на покривот на објектот кој е дело на славниот архитект Ѓорѓи Константиновски, кој почина минатата година, така што ова е еден вид комеморација и почит на неговото дело, но и по долгогодишната запоставеност на овој значаен спомен-дом, конечно, ја започнуваме реконструкцијата. Очекуваме во следните фази во наредните години, еве за 150- годишнината, да го имаме целиот дом реконструирано во неговата изворна смисла, затоа што има неверојатна вредност и затоа што е исто онолку легендарен, колку што е легендарно и самото село и е своевидна реплика и креација на автентичната архитектура која во ова село е добро сочувана, рече Алаѓозовски.

Тој додаде дека уште во 2017 г., Владата согледала дека преку 80 објекти на постојните центри на културата и домовите на култура биле запоставени при што е напарвен план за инвестирање започнувајќи од најзагрозените.

– Како Влада ние не инвестираме во стиропор, непродуктивни споменици, не инвестираме само во центарот на Скопје , туку секаде каде што треба. Ова место е легендарно, тоа е во самиот корен и идентитет и нè прави горди Македонци, рече Алаѓозовски.

Проценета вредност на Договорот за јавна набавка за санација на кровната конструкција на спомен-домот во Разловци е 435.568,00 денари без вклучен ДДВ, а инвеститор е Министерството за култура.

Актуелности

# Делчево и Разловци одбележаа 145 години од Разловечкото востание



Со пригодна свеченост Делчево и селото Разловци одбележаа 145 години од Разловечкото востание, прво вооружено востание со кое отпочнува бурниот Предилинденски период за слободна и самостојна држава.

На настанот кој традиционално, беше организиран во дворот на црквата „Св. цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци, присуствуваа и министерката за труд и социјална политика Јагода Шахпаска и националниот координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка, Роберт Алаѓозовски.

Во чест на 145-годишнината од Востанието, делегација од Владата на РСМ и Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници институции, политички партии, здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и се поклонија пред спомен-обележјето на поп Стојан, еден од организаторите на Востанието, а поставено на влезот на црквата „Св.цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци.

Во своето обраќање, градоначалникот Трајковски истакна дека **за славното Разловци во 1876 година, секогаш се зборува со посебен пиетет но, треба да се зборува и вложува и за сегашноста и за иднината, при тоа изразувајќи благодарност за поддршката од Владата на РСМ за реализацијата на клучни проекти во ова село ко**и значат подобар квалитет на животот на жителите на најодалеченото село во делчевската општина.

– Изминатиов период решававме децениски проблеми во ова село. Градевме патна инфраструктура, го решававме проблемот со недостигот на вода, проблемот со наводнувањето, со комуналниот отпад. Наскоро ќе започнат градежни активности за изградба на локалниот пат Делчево-Тработивиште, со што ова село добива нова патна алтернатива. Свесен сум дека има уште работа во селото, но, верувам дека со посветена работа и наредниот период ќе продолжиме да ги затвораме и другите отворени прашања и ќе одговараме на потребите на граѓаните, рече Трајковски.

Министерката Шахпаска која се обрати пред присутните потенцираше дека заради непоколебливоста на нашиот народ и нескршливоста на неговиот дух, денес Република Северна Македонија е слободна, независна и современа, држава која одлучно чекори кон големото европско семејство, земја полноправна членка на најмоќниот военополитички сојуз НАТО.

Во рамките на програмата „Делчево го чествува аманетот“ настапија Пејачката група од Здружението на пензионери од Делчево и ученици од ПУ „Св.Климент Охридски од Разловци.

# Одбрани приоритетите на онлајн форумот „Низ женски леќи“

Актуелности

Одбрани 30 приоритети за решавање во рамките на трите сесии од онлајн-форумот во заедницата кој се организираше како дел од проектот „Низ женски леќи: покревање политики и буџетски иницијативи, следење на локалните акциски планови за родова еднкавост“.

Форумот беше во организација на Општина Делчево и Центарот за истражување и креирање политики, Лулуди, Рурална коалиција, Новинари за човекови права и ЕХО-Штип, а во него активно се вклучија 50-ина граѓани на Делчево, претставници од Општина Делчево и Комисијата за еднакви можности, претставници од институции и граѓански организации.

Целта на реализацијата на Форумот во заедницата беше идентификување на специфичните потреби и приоритети на граѓаните од сите групи во Општина Делево, а со цел обезбедување услови за приоретизирање на програмите и проектите, како и истовремено подобрување на структурата на програмите во Општината.

## Трибина во Делчево: Темелна реформа за подобро и поквалитетно образование на нашите деца



Во организација на Општина Делчево се одржа трибина со наслов „Темелна реформа за подобро, поквалитетно образование за нашите деца“ на која присуствуваа градоначалникот Горан Трајковски и претставници од Општината, како и претставници на родителите, наставниците и директорите во основните училишта. Целта на трибината е преку разговори со родителите, со засегнатите, со наставниците да се даде придонес кон целосна информираност за процесот. Преку дебата, полесно да се разбере реформата која има за цел да го помести овој систем на ниво кое вистински ќе ги едуцира и воспитува нашите деца, ниво на кое наставниците ќе бидат задоволни и ќе имаат можност да напредуваат и да се надградуваат, училишта кои нема да бидат извор на фрустрации и назадување, туку места за квалитетно поминато време.

На трибината беа потенцирани клучните реформи предвидени во основното образование кој се заснова на автентичен, македонски модел на користење наставни материјали, кој е во најдобар интерес на децата, на потребата за забрзано приближување до квалитетните образовни системи од развиените земји и создавање функционален образовен систем прилагоден на наши услови.

Актуелности

## Одбрани најдобрите десет матуранти




Комисијата од СОУ „М.М.Брцо“ ги одбра десетте најдобри матуранти од делчевскиот средношколски центар. На листата 10 најдобри матуранти од 90 матуранти кои годинава го завршија средното образование во СОУ „М.М.Брицо“, се:

1. Милена Начевска
2. Бојана Трајковска
3. Фросина Мулачка
4. Елеонора Трајанова
5. Сара Станоевска
6. Марта Тасева
7. Моника Гоцевска
8. Марија Дончевска
9. Ѓеоргина Витанова
10. Анисија Ковачка

Согласно критериумите за избор на првенец на генерацијата, Комисијата  оваа титула ја додели на  Милена Начевска од IV-1 клас.

Поради актуелната пандемија и за оваа генерација матуранти е откажана матурската прослава, како и наградното патување низ Европа, награда која традиционално ја доделува Општина Делчево на 10-те најдобри матуранти во СОУ „М.М.Брицо“.

Поради актуелната пандемија, наместо традиционалната и планирана екскурзија низ Европа, најдобрите матуранти ќе добијат парични награди во износ од 20.000 ден од Буџетот на Општина Делчево. Ученикот на генерацијата добива и стипендија во износ од 3 000 денари во текот на 9 месеци.

Генерацијата 2017-2021 г во СОУ „М.М.Брицо“ е 60-та генерација од отворањето на делчевската гимназија.

# ООУ „Ванчо Прке“ го прослави својот патронен празник

Актуелности



Под мотото „Училиште со полн потенцијал за напредување“, ООУ „Ванчо Прке ” – Делчево, го прослави патрониот празник. Поради актуелната пандемија, културно-уметничката програма имаше своја онлајн промоција, а во чест на патронот, беше распишан и литературен конкурс на тема „Сега знам“, а се реализираше и ликовна колонија со голем број уметнички ракотворби од Ликовната секција. Исто така излезе од печат и вториот број на електронскиот училишен весник , насловен „Заедно во време-невреме“, каде членовите на новинарската секција работат во партнерство со училиштето ООУ „Живко Брајковски” од нас.Бутел од Скопје.

По повод патронатот, градоначалникот Горан Трајковски испрати честитка до вработените и учениците во училиштето при што истакна дека Делчево е гордо на успесите во воспитно-образовниот процес на училиштето кое годинава ја испишува 48-та година од постоењето.

-Основното образование е темелна вредност во градењето на младите луѓе, а ова наше училиште служи за пример како се воспитуваат и образоваат нашите ученици и се подготвуваат за нивната професионална ориентација во иднина. Ме радува фактот што во време на пандемија, покрај тоа што успешно се реализираше далечинското учење, но и учењето со физичко присуство, раководството на училиштето и вработените смогнаа сили комплетно да го реновираат училиштето и да создаваат подобри, современи услови за одвивање на наставата. Го честитам патрониот празник и им посакувам уште многу успеси во иднина, истакна Трајковски.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Симулациска вежба по повод Денот на пожарникарите. Лоренцо Трајановски најдобар пожарникар



Со успешно спроведена симулациска вежба за гаснење пожар во детската градинка „Весели цветови“, делчевските пожарникари го одбележаа Денот на пожарникарите и ја покажаа својата ефикасност, ефективност и професионалност.

По дојавата за пожар во детската градинка, ТППЕ Делчево реагираше со 14 пожарникари со два камиони автоцистерни, командно и навално возило и со потполна лична заштитна опрема при што беше изгаснат пожарот, евакуирани децата и персоналот, а беше извлечено и повредено лице од објектот.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево и се изведуваат со цел да се види подготвеноста и физичка и психичка на пожарникарите во услови на вистинска појава на пожар во објектите на институциите во градот, но и да се провери исправноста на опремата, истакна Миле Тодоровски пожарникар од Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски присуствуваше на оваа симулациска вежба и изрази задоволство од подготвеноста на пожарникарите за справување со пожарите и на објекти, но и на отворен простор.

Воедно, Трајковски им го честиташе празникот на пожарникарите, а ја додели и традиционалната награда на најдобриот делчевски пожарникар за оваа година, Лоренцо Трајановски кој има 20-годишно работно искуство во професијата.

– Изминатиот период, во континуитет работевме за да ја подобриме опременоста на единицата, но и условите за престој на пожарникарите. Обезбедивме опрема за лична заштита на пожарникарите, што значи дека на нивната професионалност додаваме битен елемент за нивната лична заштита, но и инвестиравме во уредување и опремување на просториите на ТППЕ во Делчево, ги решававме наталожените проблеми и ги регулиравме платите и додатоците од плата и кадровски ја подмладуваме единицата, рече Трајковски.

Тој потенцираше дека во фаза на тендерирање е набавката на ново противпожарно возило и очекува постапката да се спроведе без проблеми и, конечно, да се реши проблемот со застарените возила на ТППЕ.

Пожарникарството во Делчево испишува историја од 7– децениско функционирање. Првото доброволно противпожарно друштво е формирано од делчевецот Илија Дамјанов Крстевски во 50-тите години, по што е формирана првата единица на чело со командирот Никола Димитровски.

# Реконструирани селските чешми во с. Вирче и во с. Град

Актуелности



Заврши реконструкцијата на селските чешми во селата Вирче и Град. Реконструкцијата на селските чешми подразбира санација и соодветно обложување со камен, како и уредување на просторот околу чешмите со што се создава соодветен простор за потребите на жителите. Со реконструкцијата се подобрува и функционалноста и изгледот на чешмите.

Активноста за уредувањето на селските чешми опфаќа неколку села во Општината. Инвестицијата за реконструкција на селските чешми е на Општина Делчево, а работите ги изведуваат екипи на ЈКП „Брегалница“.

Инаку, деновиве започнува и реконструкцијата и на детските игралишта во селата и поставување соодветна урбана опрема.

## Чистење на дивите депонии



Екипи на ЈКП „Брегалница“ ја исчистија дивата депонија создадена кај селото Стар Истевник со што се одговори на барањето на жителите да се реши проблемот со расфрланиот отпад од страна на несовесни граѓани во атарот на селото. Од дивата депонија се подигнати големи количини отпад и градежен шут, а просторот сега е уреден и вратен во првобитната состојба.

Бидејќи создавањето диви депонии низ целата општина е хроничен проблем, повторно се апелира за поголема свест за животната средина и природата која не треба да се загадува, но пред сè, се апелира за почитување на Законот за јавна чистота.

Екипите на ЈКП „Брегалница“ во континуитет работат на чистење на дивите депонии согласно со Програмата за работа, а деновиве беше исчистена и дивата депонија кај манастирот „Св.Балаклија“.

Актуелности

# Делчево одбележа 118 години од убиството на Делчев



Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 118 години од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, Гоце Делчев, кој на денешен ден во 1903 беше убиен од турската војска во селото Баница.

По тој повод, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево, предводена од претседателот на Советот, Драган Маневски, како и претставници на политички партии, институции и здруженија на граѓаните. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа реферат за животот и делото на Делчев.

По убиството во 1903, неговите посмртни останки се чувале во Баница, до 1917 година, кога биле пренесени во Ксанти, а потоа во Софија. До 1923 година, ковчежето со коските се чувало во домот на Михаил Чаков. Останките на Делчев на 11 октомври 1946 година биле пренесени во црквата „Свети Спас“ во Скопје.

ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Одбележан Денот на победата на фашизмот и Денот на Европа

Актуелности



Со пригодна свеченост, Делчево одбележа 76 години од победата над фашизмот и 71 години од Денот на Европа.

Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклонија и свежо цвеќе положија: делегација од Општина Делчево предводена од градоначалникот Горан Трајковски, делегација од Советот на Општина Делчево предводена од претседателот на Советот, Драган Маневски, претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани. По тој повод, членовите на КУД „Гоце Делчев“ одржаа пригодна програма и реферат за значењето на НОБ и победата над фашизмот, како и за Денот на Европа, кој е симбол на заедништво и создавање на Европа.

Датумот 9 мај е поврзан со два клучни настани во светската историја. Во 1950 година на овој ден, Роберт Шуман го презентирал предлогот за создавање организирана Европа, како опција за одржување на мирот на разурнатиот и поделениот континент. Предлогот, попознат како „Шуманова декларација“, се смета за почеток на формирањето на она што денеска го знаеме како Европска Унија.

Додека на 9 мај 1945 година со потпишувањето на безусловна капитулација на нацистичка Германија, официјално беше ставен крај на Втората светска војна во која учествуваа 61 земја, со вкупно 2,1 милјарда жители или 96 отсто од светското население и која однесе повеќе од 50 милиони животи.

Пијанец во Втората светска војна во борбата против фашизмот дало стотина жртви. Во нивна чест во центарот на Делчево е подигнат монументален споменик на кој се испишани нивните имиња, како и пораката „Сонцељубиви, зар без вас ќе бевме она што сме, не смрт без слобода, не без Македонија“.

Култура

# Отворена изложбата „Квадратна божественост“ на Валентина Илијевска



Во рамките на чествувањата „Делчево го чествува аманетот“, во фоајето на Спомен-домот АСНОМ беше отворена самостојната изложба „Квадратна боженственост“ на уметникот Валентина Илијевска од Куманово, магистер по конзервација и реставрација на ѕидно сликарство.

Изложбата содржи 33 дела на уметникот Илијевска во која ликовните елементи и принципите го креираат творечкиот опус во делата, каде што од длабочината на самите дела се издигнува на пиедестал синото присуство на квадратот.

–Прв пат сум во Делчево и прв пат се претставувам во Источниот крај што ми претставува големо задоволство. Во самиот концепт ја разработувам симболиката на човештвото, препознатливите симболи во нашата иконографија, религијата, симболот на божественото. Присуството на синиот квадрат го симболизира човештвото. Преку симболите на квадратот и коцката се внесува своерачен потпис и снезибилитет препознатлив за делата, истакна Илијевска.

Изложбата ќе биде отворена наредните 10 дена. Настанот е во организација на Општина Делчево и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со поддршка на Министерството за култура.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# „Златните момчиња од кик-боксинг клубот „Ас“ на прием кај градоначалникот Трајковски

Култура



Признание за спортските успеси на младите кик-боксери од Кик-боксинг клубот „Ас“ од Делчево на Европскиот куп што се одржа во Србија, денеска им оддаде градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски. На приемот организиран во нивна чест, градоначалникот Трајковски го потенцираше значењето на спортските успеси на младите кик-боксери и нивниот придонес кон развојот на спортот и натпреварувачкиот дух кај младите во Делчево.

-Секогаш сме горди на спортските успеси на младите спортисти во Делчево, бидејќи тие го запишуваат Делчево на листата градови каде се негуваат спортски таленти, а кик-боксот има квалитетна и долга традиција. Сите овие медали се поттик повеќе за поддршка на младите спортисти кои не само што придонесуваат за развој на индивидуалниот и колективниот спорт во Делчево, туку и спортот да се наметне како начин на живот на младите во нашиот град, рече Трајковски.

Нивниот тренер и спортски судија, Љупчо Стојчевски, изрази задоволство од поддршката која ја добиваат од Општина Делчево истакнувајќи дека овие двајца млади кик-боксери и постигнале извонреден успех, а делчевкиот клуб е рангиран на престижното 20-то место на европската листа од 100 клубови.

На Европскиот куп во Србија, Павел Стојчевски освои злато во поинт-фајт за постари кадети (-52 кг), а Дилан Ивановски во јуниори (-63 кг). Освен двата трофеи Дилан Ивановски освои и бронзен медал во дисциплината јуниор кик-лајт (-57кг).

Култура

# Активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот




Во текот на месецот мај во Делчево се реализираа две сообраќајно едукативни акции. Акциите ги реализираше Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот со поддршка на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот и МВР ПС Делчево. Станува збор за едукативно превентивната акција „Стави појас“ која имаше за цел да се потсетат учесниците во сообраќајот за користењето на сигурносниот појас и важноста на неговата употреба при патување. Во текот на акцијата на возачите кои носеа сигурносен појас покрај обезбедените информативни материјали од РСБСП им беше доделена награда – маичка со логото на акцијата, додека на оние кои не го носеа, како предупредување им беше доделен флаер и освежувач.

Втората акција се реализираше во соработка со општинските основни училишта „Св.Климент Охридски“ и „Ванчо Прке“, при што се одржаа сообраќајно едукативни активности со нагледни предавања во рамки на сообраќајно превентивната акција УЧИМЕ ЗА СООБРАЌАЈОТ. Целта на оваа акција е запознавање на првачињата со основните правила и прописи во сообраќајот и сообраќајната сигнализација со одржување нагледни предавања на сообраќајниците со сообраќајната полиција.

Преку оваа активност, децата, како една од најранливите категории учесници во сообраќајот, практично се запознаваат со правилната примена на изучените правила и прописи наменети за нивната возраст. Воедно, тие имаа изработено сообраќајни знаци и пораки преку кои ги потсетија возачите да бидат одговорни учесници во сообраќајот, да внимаваат на децата во сообраќајот и да ја намалат брзината при движење по сообраќајниците околу училиштата.

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ја поддржа оваа акција обезбедувајќи сообраќајна песнарка, алки и приврзоци со пораката ВОЗИ ОДГОВОРНО.

# Делчево избира најубаво уреден двор

Култура



Во рамките на кампањата „Заедно до поубаво Делчево“ и согласно со Програмата за промоција и комуникација со јавноста, Општина Делчево и оваа година ќе избира најубаво уреден двор. Водејќи се од мотото дека секој индивидуалец или институција и фирма кои со својот труд и креација за уредување на дворните површини придонесуваат за поубаво Делчево, Општина Делчево објавува Конкурс за избор на најубаво уреден двор во Делчево.

Целта на оваа акција е сите заедно да придонесеме за поубаво Делчево, но и како Општина сакаме да ги наградиме граѓаните и фирмите за својата улога во разубавувањето на градот, а од друга страна и да ги мотивираме сите граѓани на Делчево да дадат свој придонес за негово разубавување.

На Јавниот конкурс кој е објавен на веб-страницата на Општина Делчево и на локалните медиуми, ќе можат да се пријават сите граѓани кои ценат дека нивното дворно уредување заслужува внимание, но и сите граѓани кои се воодушевуваат на дворот на пријател или сосед, да го пријават за да учествува на изборот за најубаво уреден двор во Делчево. Конкурсот ќе биде отворен до 01.07.2021, период кој сметаме дека е доволен за заинтересираните граѓани да ги направат потребните подготовки и да ги уредат дворовите.

Пријавата може да се достави до Архивата на Општина Делчево, или да се симне од веб-страницата delcevo.gov.mk и електронски да се се испрати на е-маил info@delcevo.gov.mk.

Комисијата формирана од стручни лица ќе ги посети пријавените дворови и ќе го оценува уредувањето на дворните површини.

За сопствениците за најдобро уредени дворови, Општина Делчево има обезбедено награди во две категориите: За индивидуално домување предвидени се три награди: 10.000 ден, 3.000 ден и 2.000 ден. и за колективно домување и стопански субјекти награда од 10.000 ден.

Изборот на најубаво уреден двор, Општина Делчево го организира 4-та година по ред.

Култура

# Семејството Арсови донираше 2000 наслови на ЈЛБ „Илинден“



Делчевската библиотека „Илинден“ на подарок доби 2000 книги од богатата колекција на семејството Арсови од Делчево. Дел од книгите се авторско дело на професорот Драган Арсов, публицист и долгогодишен директор на СОУ „М.М.Брицо“ чие истражувачко дело е сместено во неговите публикации посветени на образовниот, културниот и историскиот т развој на Пијанец и на Делчево. По повод една година од неговата смрт неговата сопруга Лимонка Арсова донираше дел од семејната колекција книги кои отсега читателите ќе можат да ги најдат на полиците во Јавната локална библиотека „Илинден“ во Делчево.

-Негови дела се „Историјата на Делчево“, II тома „Школството во Делчево“, „Теророт и отпорот на Пијанечкиот крај“, тоа се дела на кои долго време работеше, така што имаме приличен број книги кои сакам да ги подарам на библиотеката, за да се користат од помладите генерации, истакна Арсова

Ова е одличен пример кој сигурно ќе биде поттик и за многу други наши сограѓани да ги збогатат витрините на библиотеката со литература која ќе им користи на сите кои ќе сакаат да научат нешто повече за родниот крај, порача директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска.

-Еден од оние наши сограѓани кои во својот дом имаат големи и богати библиотеки, беше покојниот професор Драган Арсов. По неговата смрт, неговото семејство одлучи дел од богатиот книжевен фонд, кој брои околу 2000 книги, да го подари на ЈЛБ „Илинден“. Тоа се книги кои се вистинско богатство и кои библиотеката вреди и треба да ги има. Има и стари изданија кои во денешно време тешко можат да се најдат. Од име на ЈЛБ „Илинден”,огромно благодарам, рече Петровска

# Книжарница на тркала во Делчево

Култура



По повод Денот на Европа, 9 Мај, книжарницата на тркала „Зборче“ на издавачката куќа „Антолог“, пристигна во Делчево. Настанот беше во организација на Општина Делчево и ЈЛБ „Илинден“, а освен претставување на 10 исклучителни дела од познати европски автори, беше промовиран и новиот роман на делчевската авторка Дијана Петрова, „Не правете им сенка на гробовите“.

За авторката Петрова, промоцијата на новиот роман во родниот град, претставува посебен настан.

-Ова е моја втора промоција во Делчево и ми е драго што секогаш наидувам на добар пример што значи дека културниот живот во Делчево се развива. Месецот имавме повеќе настани, така што за мене е чест што сум дел од еден таков настан, рече Петрова.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**

**Уредник: Даниела Такева**

**Техничка обработка: Влатко Мицевски**

**Соработник: Благица Петровска**

**Фотографија: Општина Делчево**

**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**